


# ОВЛАСТЕН БРОКЕР
# Licensed Stock Broker

**Локација: СКОПЈЕ**

**Оддел:** Дирекција за тргување со финансиски пазари

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

### Што ќе биде твојата улога

- Извршување на операции за тргување на Македонската берза и странските пазари согласно со регулативата и интерните правила;
- Активности на промоција и продажба на брокерски услуги;
- Примена на важечките прописи и водење на посебно внимание при извршување на деловните активности, истите да се извршуваат во рамки пропишаните правила;
- Известување на клиентите согласно со регулативата, зависно од видот на услугата со хартии од вредност;
- Информирање на клиентите за условите на Банката и Општите правила за тргување;
- Задолжителна информираност за објавите поврзани со компаниите со чии хартии од вредност се тргува на Македонската берза за хартии од вредност и на странските пазари;
- Следење на дневните промени и настани поврзани со пазарот;

### Кои квалификации се потребни

- **Положен стручен испит за работа со хартии од вредност (брокер);**
- ВСС;
- Високо развиени комуникациски и преговарачки вештини со цел градење доверба и долгорочна соработка со клиенти;
- Претходно работно искуство со трговија на хартии од вредност ќе се смета за исклучителна предност;
- Тимска работа;
- Одлично познавање на MS Office.

### Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **30.09.2025 година** со назнака **„Апликација за Овластен Брокер“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!